# Искра Димитрова

Тема на четвртата годишна изложба на Сорос центарот за современи уметности е „1111 Портрет“ која се одржа во Х 'вази Пашините конаци во с. Бардовци. Проектот е соработка меѓу уметникот и ликовниот критичар – куратор како еден проектен тим, при што мотивот портрет е разбран во најширока смисла на теориска и уметничка интерпретација. Искра Димитрова на публиката и се претстави со инсталацијата насловена како „Портрет на Плотин“.

Уметноста е интегрален дел од мојата личност. Она што го чувствувам и она што го работам се тесно поврзани. Станува збор за една крајна интимна уметност која што на почетокот ја изразував преку мултимедијални проекти кој го содржаа ритуалниот елемент, додека во поновите проекти работам инсталации во кои употребувам одливки од моето тело. Телесното го употребувам за означување на моменталната егзистенција и фрленоста во овој свет. Ги обработувам темите на животот, смртта и иницијацијата. Во врска со сето ова најновото дело е повторно поврзано со оваа тема при што повод се зема Плотин кој што никогаш не дозволил да биде портретиран, бидејќи не го сметал телесното за вистинска презентација на личноста. Затоа во проектот повтоно употребив одливки од моето тело во вид на преоблечена змиска кожа за да се означи телесното кое Плотин го одбегнува но од друга страна даден е еден личен поглед на овој проблем со тоа што телото всушност е визуелно потенцирано. Во делото е вклучен цитат од Плотин во кои што тој го споредува телото со лирата која што музичарот ја користи се додека му служи а̀ кога ќе престане продолжува да пее без инструмент. Всушност портретот на Плотин сакав да го претставам преку целата атмосфера на инсталацијата.



Идејата на професорот Иван Џепаровски кој ме покани на оваа тимска работа претставуваше предизвик за мене.

ПУЛС, 9 јули 1998

390,57